# ЗАПИСНИК

## од шестата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 23.06.2021 г.

**ЗАПИСНИК**

од 6-та седница на Надзорен одбор на ЗЕЛС

23.06.2021 г., 10 часот, онлине седница преку апликација ЗООМ

**Присутни**: **Илија Јовановски**, градоначалник на општина Прилеп и претседател на Надзорниот Одбор на ЗЕЛС, **Соња Стаменковска**, градоначалничка на општина Македонска Каменица, **Горан Трајковски**, градоначалник на општина Делчево.

Членовите на Надзорниот одбор на ЗЕЛС го усвоија и расправаа по следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Одлука за усвојување на ребаланс на буџетот на ЗЕЛС;
2. Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 г.;
3. Одлука за усвојување на финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година;
4. Одлука за усвојување на Извештајот на Независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2020 г.;
5. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Одлука за усвојување на ребаланс на буџетот на ЗЕЛС;

Извршниот директор на ЗЕЛС го образложи предлогот. Со оглед на условите на пандемијата, претходниот буџет беше проектиран со акцент на заштеда на расходите и минимизирање на трошоците. На овој начин не се предвидени средства за реализирање на проекти за кои се сметаше дека во времето на планирање на буџетот нема да има техничка можност да се реализираат. Станува збор за реализација на активности со други организации, како на пример UN Women, настани со проектот за социјално згрижување и другите проекти со меѓународни организации.

За оваа цел, иако износот е многу мал, сепак е потребно да се изврши соодветна интервенција во буџетот на ЗЕЛС, па вкупното зголемување во делот на расходната страна би бил еден милион и петстотини илјади денари. Со ова, сегашниот износ на буџетот би бил 24 милиони и двесте илјади денари.

**ОДЛУКА:** Надзорниот одбор го усвои предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на ЗЕЛС за 2021 година (ребаланс на буџетот) и му прелага на Генералното Собрание на својата наредна седница истиот да го усвои.

ВТОРА ТОЧКА: Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 г.;

Извршниот директор на ЗЕЛС го образложи извештајот за реализацијата на приходите и расходите во 2020 година. Се бележи добра наплата на членарината, што претставува индикатор за зголемување на самоодржливоста на организацијата. Расходниот дел се состои од услуги за лобирање, одржување на електронските услуги и обуки.

**ОДЛУКА:** Надзорниот одбор ја усвои завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 година и му предлага на Генералното Собрание истата да ја усвои на својата прва наредна седница.

ТРЕТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година;

Во рамките на оваа точка се претставени сите активности на телата и органите на ЗЕЛС во 2020 година, за што е изготвен и се претстави печатеното издание на Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година. Согласно истиот заради пандемијата поголемиот дел на активностите се одржани преку онлине апликација.

**ОДЛУКА:** Надзорниот одбор го усвои финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година и му предлага на Генералното Собрание истата да ја усвои на својата прва наредна седница.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на Извештајот на Независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2020 г.

Присутните изразија задоволство од покажаниот резултат на ЗЕЛС и позитивното мислење во однос на работата на ЗЕЛС од независната ревизорска куќа.

**ОДЛУКА:** Надзорниот одбор го усвои Извештајот на Независната ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2020 г му предлага на Генералното Собрание истата да ја усвои на својата прва наредна седница.

ТОЧКА РАЗНО:

По оваа точка на дневниот ред немаше предлози за дискусија.

**Скопје, 23.06.2021 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**